# ПОТРЕБА ОД ПРИМАРНА РЕАНИМАЦИЈА КАЈ ДОНОСЕНИ НОВОРОДЕНИ ДЕЦА

Зисовска Елизабета[1], Штерјовска-Алексовска Андријана[2], Димитровска Иванова Марија[2]

[1]Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство, Скопје

[2]Универзитет „Гоце Делчев"-Факултет за медицински науки, Штип

## Вовед:

Реанимацијата кај новороденото дете е животоспасувачка процедура која резултира со воспоставување на витални функции непосредно после раѓањето, но со ризик од долгорочни последици по нивното понатамошно здравје и психомоторен развој. Оттука произлегува и важноста од навремената и правилно изведена примарна реанимација после раѓањето. Се смета дека околу 10% од новородените деца имаат потреба од некоја мерка на примарна реанимација, додека околу 1% бараат опсежна форма на реанимациони мерки. Постапките не смеат да бидат хаотични, туку секогаш мора да бидат според глобално прифатениот концепт на докази и алгоритам на чекори, со проверка на виталните параметри на точно одредени интервали. Како светски прифатено Клиничко упатство за спроведување на примарната реанимација се смета она кое е развиено и публикувано од Меѓународниот комитет за реанимација.

## Цел на трудот:

Со оглед на фактот дека ова упатство е задолжително за сите породилишта во Република Македонија, целта на нашето истражување беше да се одреди процентот на доносени деца кои имале потреба од примарна реанимација од полесен степен (првите 2 чекори во алгоритмот), умерен степен (вклучен трет чекор) и опсежни реанимациони мерки со спроведување постапка на интубација.



## Материјал и методи:

Студијата беше проспективна опсервациона. Беа вклучени сукцесивно породени доносени деца во тек на тримесечен период (септември-ноември 2012 година). Податоците беа извлечени и обработени од неонаталната историја која е задолжителна за секое новородено дете, породено во хоспитални услови во Република Македонија. Примарната реанимација беше спроведувана согласно последното Клиничко упатство објавено во Службен весник на РМ од 2011

## Резултати (1):

Во тек на испитуваниот период беа породени 1418 доносени новородени деца. Од нив 170 деца имаа потреба од примарна реанимација, што вкупно изнесува 11,9%.




**Слика број 1: Стапка на новородени деца кои имале потреба од примарна реанимација**

## Резултати (2):

Лесни реанимациони мерки се спроведени кај 154 (10,8%), срцева масажа е вклучена кај уште 11 (0,8%), додека пак ендотрахеална интубација-кај уште 5 деца (0,3%).




**Слика број 2: Процент на применети примарни реанимациони мерки**

## Дискусија и заклучок:

Нешто повисокиот процент на деца кои бараа примарна реанимација се објаснува со нивото на здравствена заштита што го пружа Клиниката, каде се транспортираат со „transport in utero" бремени жени со висок ризик. Во секое породилиште, а особено во едукативна установа, мора континуирано да се одвива процес на едукација за совладување на реанимационите вештини, бидејќи во околу 50% од случаите не може да се предвиди потребата од примарна реанимација. Имајќи предвид дека голем број раѓања има и во останатите породилишта, неопходно е спроведување на континуирана медицинска едукација на целиот персонал кој работи со родилките и новородените деца, како би се одржало потребното ниво на вештини, неопходни не само за преживување на новородените деца, туку и за минимизирање на ризикот од неповолен психомоторен развој.